# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 01 Февруари 2012 година<br>Скопје<br>Бр. 1 Год. VII |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бб.
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


**Содржина:**


**1. Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година.....2**

**2. Буџетски Календар на Општина Ѓорче Петров за 2012.....15**

**3. Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2012.....17**

**4. Правилник за начин на доделување и користење на средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица.....21**

**5. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров-финансиска помош на Кристијан Алексоски.....25**

**6. Нацрт- Одлука за утврдување на Детален урбанистички план „УЗ ДЕКСИОН“ Општина Ѓорче Петров - Скопје .....27**

**7. Одлука за донесување на изменување и дополнување на урбанистички план за село Орман -разработка на блокови 11, 12 и 13, општина Ѓорче Петров-Скопје (зона за домување со високи стандарди и спорт).....32**

**8. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ѓорче Петров.....37**

**9. Одлука за именување на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров.....41**

**10. Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план “ Населба Хром-дел од блок 5” Ѓорче Петров - Скопје .....42**

**11. Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план “ УЗ Ѓорче Петров -блок 14” Општина Ѓорче Петров-Скопје.....43**

**12. Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план “ УЗ Дексион” Општина Ѓорче Петров-Скопје.....44**


**Скопје, Февруари 2012 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/1**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006) и член 127 од Деловникот на Советот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр.10/97), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата Седница одржана на ден 30.01.2012 година, донесе:

# Програма
# за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров
# за 2012 година

## I. Период Јануари - Март

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година

**Предлагач:** **Координативно тело**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

2. Предлог-Правилник за начин на доделување и користење на средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно - правни работи и работа со Советот**

3. Предлог-Одлука за одобрување финансиска помош на Кристијан Алексовски

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**

4. Предлог-Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2012 година

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансирање, Буџет и Јавни набавки**

5. Предлог-Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансирање, Буџет и Јавни набавки**

6. Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор, спортски објекти, училници и друг простор во основните училишта, сопственост на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**

7. Предлог-Одлука за донесување на изменување и дополнување на УПС ОРМАН-разработка на блок 11, 12 и 13

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

8. Нацрт- Одлука за утврдување на ДУП УЗ ДЕКСИОН

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

9. Предлог - Одлука за донесување на ДУП УЗ Мирче Ацев- блок 13

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

10. Предлог-Одлука за донесување на ДУП дел од западна индустриска зона Шарпланинска Б3

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

11. Нацрт – Одлука за утврдување на ДУП УЗ Даме Груев – УБ3

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

12. Нацрт – Одлука за утврдување на ДУП УЗ Даме Груев – УБ 4

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

13. Нацрт - Одлука за утврдување на УПС Волково со разработка на блок 3

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

14. Извештај за работа на Секторот за урбанизам за 2011 година

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

15. Извештај за извршување на Буџетот за 4-то тромесечие од 2011 година

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансирање, Буџет и Јавни набавки**

16. Годишен Извештај за реализација на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година (период 01.01.-31.12. 2011 година) до 15-ти Март

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансирање, Буџет и Јавни набавки**

17. Предлог-Завршна сметка за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година. (до 15-ти Март)

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансирање, Буџет и Јавни набавки**

18. Разгледување и усвојување на завршен Извештај за реализирани програми усвоени од Советот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година (до 31-ви Март)

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

19. Предлог-Правилник за награди и признанија

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**

**II . Период Април - Јуни**

1. Предлог-Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основните училишта:
   - О.У. „Мирче Ацев“;
   - О.У. „Ѓорче Петров“;
   - О.У. „Димитар Поп Георгиев-Беровски“;
   - О.У. „Страшо Пинџур“;
   - О.У. „Тихомир Милошевски“;
   - О.У. „Јоаким Крчоски“.

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**

2. Предлог-Статутарна Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**

3. Квартален Извештај за извршување на Буџетот I-квартал (период 01.01.-31.03.2012 година)

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансирање,**
**Буџет и Јавни набавки**

4. Предлог-Одлука за отпочнување постапка за изработка на Стратегија за основно образование

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **НВО Консултант**
**и Комисија за образование,**
**наука,социјална, здравствена**
**и заштита на деца**

5. Нацрт-Одлука за утврдување на изменување и дополнување на ДУП дел од зап. инд. зона ул: Лепенец – блок 6

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

6. Нацрт-Одлука за утврдување на изменување и дополнување на ДУП дел од зап. инд. зона ул: Лепенец – блок 2

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

7. Предлог-Одлука за донесување на ДУП УЗ Ѓ. Петров-блок 14

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

8. Предлог-Одлука за донесување на ДУП УЗ ХРОМ дел од блок 5

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

9. Нацрт-Одлука за утврдување на изменување и дополнување на ДУП УЗ Ѓорче Петров – УБ17

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

## III. Период Јули - Септември

1. Разгледување и усвојување на Шестмесечен извештај за реализирање на Програмите за уредување на градежно земјиште и комунални дејности усвоени од Советот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

2. Нацрт-Одлука за утврдување на УПС Кучково со разработка на блок

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

3. Предлог-Одлука за донесување на УПС Волково со разработка на блок 3

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

4. Квартален Извештај за извршување на Буџетот II-квартал (период 01.01.-30.06.2012 година)

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансирање, Буџет и Јавни набавки**

5. Предлог-Одлука за доделување на Годишна награда “Ѓорче Петров“ во 2011 година.

**Предлагач:** **Комисија за за спорт, култура, млади, награди и признанија**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

6. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Мирче Ацев“ за учебната 2011/2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Мирче Ацев**

7. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Ѓорче Петров“за учебната 2011/2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Ѓорче Петров**

8. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“ за учебната 2011/2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Димитар Поп Г.Беровски**

9. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Страшо Пинџур“ за учебната 2011/2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Страшо Пинџур**

10. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ за учебната 2011/2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Јоаким Крчовски**

11. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2011/2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Тихомир Милошевски**

12. Извештај за работа на Јавната установа - Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за периодот 2011/2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Јавна установа Детска градинка РОСИЦА**

13. Предлог-Одлука за донесување на ДУП дел од зап. инд. зона УМ ул: Лепенец – блок 6

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

## IV. Период Октомври - Декември

1. Извештај за реализација на Програмата за Урбано планирање *Ф* и Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за период 01.01.-30.09.2011 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

2. Предлог-Одлука за донесување на ДУП УЗ Дексион

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животна средина**

3. Предлог-Одлука за донесување на ДУП дел од зап. инд. зона УМ ул: Лепенец– блок 2

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средин**

4. Предлог –Одлука за донесување на ДУП УЗ Даме Груев-УБ 3

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

5. Предлог-Одлука за донесување на ДУП УЗ Даме Груев-УБ 4

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

6. Квартален Извештај за извршување на Буџетот III-квартал (период 01.01.-30.09.2012 година) (месец Октомври)

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансирање, Буџет и Јавни набавки**

7. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Мирче Ацев" за учебната 2012/2013 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Мирче Ацев**

8. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Ѓорче Петров" за учебната 2012/2013 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Ѓорче Петров**

9. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски" за учебната 2012/2013 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Димитар Поп Г.Беровски**

10. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Страшо Пинџур" за учебната 2012/2013 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Страшо Пинџур**

11. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски" за учебната 2012/2013 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Јоаким Крчовски**

12. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Тихомир Милошевски" за учебната 2012/2013 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Тихомир Милошевски**

13. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната установа Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за период 2012/2013 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Јавна установа Детска градинка РОСИЦА**

14. Нацрт- Одлука за утврдување на ДУП дел од зап. инд. зона – ЈУГ 4

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

15. Нацрт- Одлука за утврдување на ДУП УЗ Даме Груев – УБ5

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

16. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година-ребаланс (до 15-ти Ноември)

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за финансирање и Буџет**

17. Нацрт- Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2013 година (до 15-ти Ноември)

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за финансирање и Буџет**

18. Предлог-Одлука за донесување на изменување и дополнување на ДУП УЗ Ѓорче Петров УБ 17

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

19. Нацрт- Одлука за утврдување на ДУП УЗ Дексион дел над пруга, станбена зона

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

20. Предлог-Програма за работа на Советот за носење одлуки согласно барања на даватели на грантови

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

21. Донесување одредени одлуки по барање на Секторот за урбанизам кои ќе произлезат како резултат на барања од страна на давателите на грантови и донации за разни проекти на територијата на општината со кои секторот за аплицирање во 2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

22. Предлог-Програма за Урбано планирање *Ф* и комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2013 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**просторно планирање и**
**заштита на животната средина**

23. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2012 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи**
**на Градоначалникот и**
**дејности од јавен интерес**

24. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2013 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи**
**на Градоначалникот и**
**дејности од јавен интерес**

25. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2012 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи**
**на Градоначалникот и**
**дејности од јавен интерес**

26. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2013 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

27. Предлог-Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2013 година.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за финансирање и Буџет**

28. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за финансирање и Буџет и Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

Програмата е отворена и во текот на годината може да се дополнува со нови точки.

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-162/3**
**од 30.01.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Буџетски календар на**
**Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/2**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 16 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на општина Ѓорче Петров на 48-мата седница одржана на 30.01.2012 година, донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2012 година**

| Ред. број | **А К Т И В Н О С Т И** | **Месеци во** |
|---|---|---|
| 1. | Советот на Општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | **Јануари** |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2013 г. до сите Сектори во општинската администрација и до сите буџетски корисници, т.е. Општински јавни установи | **До 30 Јуни** |
| 3. | Сите Сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | **Најдоцна до 10-ти Септември** |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар- насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | **Најдоцна до 30-ти Септември** |
| 5. | Секторот за финансии подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | **до 15-ти Октомври** |
| 6. | Градоначалникот организира собири со граѓаните по, Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | **од 10-ти до 30-ти Октомври** |
| 7. | Секторот за финансии го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **до 10-ти Ноември** |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и Урбани заедници, медиум и т.н. | **До 30-ти Ноември** |
| 9. | Градоначалникот доставува конечна верзија на Предлог-буџет за наредната година до Советот на општината | **Најдоцна до 10-ти Декември** |
| 10. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | **Најдоцна до 31 Декември** |

Буџетскиот календар за 2012 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Ѓорче Петров.

**Број 07- 162/4**
**30.01.2012 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2012**

Се објавува Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2012, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/3**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 8 став 2 алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата седница одржана на ден 30.01.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2012**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на триторијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Согласно Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, во Програм Н1 и Подпрограм Н10 - Основно образование, се врши финансирање на сите 6 (шест) основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука наменски се распоредуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на основните училишта и нивните годишни финансови планови.

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотацијата по основни училишта се:

- вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2012 година од Министерството за образование и наука,
- бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште и
- големина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени се како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД= (м2х0,3)+(бр.уч.х4):(вк.м2х0,3)+(вк.бр.уч.х4) , каде

**НД** – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2012 година ( 121.645.000,00-104.699.000,00=16.946.000,00 денари), од кои:

- 121.645.000 е вредноста на вкупната блок дотација за 2012 г. за основно Образование,
- 104.699.000 е вкупниот износ за бруто плати за сите О.У. и
- 16.946.000 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци;

**К м2** – коефициент за површина =0,3 и
**Куч.** - коефициент за број на ученици = 4

**Табела по формула**

РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)

Наменскиот дел за 2012 година изнесува
16.946.000 ден.
Коефициент за површина = 0,3
Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр. | Име на Училиште | Вк. Површина | Вк. Ученици | Вк. Коефициент | ПРОЦЕНТ | ВКУПНО МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ѓорче Петров | 3.610 | 288 | 2.235 | 10,9% | 1.841.163 |
| 2. | Мирче Ацев | 4.476 | 865 | 4.803 | 24,5% | 4.151.176 |
| 3. | ДПЃ Беровски | 3.760 | 356 | 2.552 | 12,5% | 2.126.339 |
| 4. | Страшо Пинџур | 3.120 | 650 | 3.536 | 17,8% | 3.011.553 |
| 5. | Т.Милошевски | 1.641 | 518 | 2.564 | 12,6% | 2.137.404 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.410 | 681 | 3.147 | 21,7% | 3.678.365 |
| | **Вкупно:** | **18.017** | **3.358** | **18.837** | | **16.945.991** |

Во табелата во колоната на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1% , на петте основни училишта, за сметка на О.У.Јоаким Крчовски, на кое му се додаваат 5%, бидејќи само тоа училиште има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 900.000,00 денари.

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по основни училишта за 2012 година, пресметани во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 8**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-162/5**
**од 30.01.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Правилник за начин на доделување и користење средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица**

Се објавува Правилникот за начин на доделување и користење средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/4**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (”Службен Весник на РМ” бр.05/02) и член 24 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Скопје (”Службен Гласник на Град Скопје” бр.07/05), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата седница, одржана на ден 30.01.2012 година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начин на доделување и користење на средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица**

## I. Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот и критериумите врз основа на кои, Општина Ѓорче Петров, согласно законските и подзаконските акти, а во рамки на средствата наменети во Буџетот на Општината, ќе доделува парична помош, поддршка или материјални добра, на физички лица.

**Член 2**

Парична помош, поддршка или материајлни добра од член 1 ќе се доделува на физички лица, врз основа на поднесено барање до Општината.

**Член 3**

Граѓаните кои ќе поднесат барање до Општината за добивање средства за парична помош, поддршка или материјални добра, должни се во барањето да ги наведат причините и намената за кои ги бараат средствата.

## II. Начин и критериум за доделување и користење на средства за парична помош, поддршка или материјални добра на физички лица

**Член 4**

Општина Ѓорче Петров во рамки на можностите ќе одговара по барања за парична помош, подршка или материјални добра, од следните области:

- еднократна парична помош за физички лица за кое е потребна хируршка интервенција во странство, тешко болни лица и приматели на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување;
- самохрани родители;
- децата без родители и родителска грижа;
- еднократна помош на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава, пожар или штета);
- еднократна парична помош за физички лица корисници на минимална социјална помош
- еднократна парична помош за физички лица без средства за егзистенција.
- еднократна парична помош на здруженија на граѓани

**Член 5**

Кон барањето за доделување средства на парична помош, поддршка или материјални добра, треба да биде доставена комплетна документација со која се докажува основаноста на барањето и тоа за:

1. Еднократна парична помош за физичко лице за кое е потребна хируршка интервенција во странство, тешко болни лица и приматели на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување, треба да се приложени следните документи:
   - доказ за идентитет на примателот (извод од матична книга на родените, лична карта или патна исправа);
   - потврда/извештај за закажана хируршка интервенција во странство односно доказ за болеста/терапијата на примателот на помош издадена од страна на овластено лице;
   - трансакциона сметка на која ќе му се префрлат средствата.
2. Самохрани родители
   - доказ за идентитет на примателот (лична карта или патна исправа);
   - изјава заверена на Нотар дека живее сам и детето е вонбрачно;
   - извод од матична книга на умрените (доколку брачниот другар е починат);
   - доказ дека бракот е разведен;
   - потврда за месечни примања (доколку лицето е вработено) односно потврда за невработеност;
   - потврда од центар за социјална работа, доколку е корисник на социјална помош;
   - трансакциона сметка на која ќе му се префрлат средствата.
3. Деца без родители и родителска грижа
   - доказ за идентитет на примателот (извод од матична книга на родените, лична карта или патна исправа);
   - потврда издадена од центарот за социјални работи дека лицето е без родители односно родителска грижа;
   - доказ за старателство на лицето на кое му е доделено старателство (доколку лицето е малолетно);
   - трансакциона сметка на која ќе му се префрлат средствата.
4. Еднократна помош на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава, пожар и др.)
   - доказ за идентитет на примателот (извод од матична книга на родените, лична карта или патна исправа);
   - податоци за местото каде е настаната природната непогода или штета;
   - записник од утврдената состојба издаден од овластена институција;
   - трансакциона сметка на која ќе му се префрлат средствата.
5. Еднократна парична помош за физички лица корисници на минимална социјална помош
   - доказ за идентитет на примателот (извод од матична книга на родените, лична карта или патна исправа);
   - потврда за месечни примања (доколку лицето е вработено) односно потврда за невработеност;

- трансакциона сметка на која ќе му се префрлат средствата.

6. Еднократна парична помош за физички лица без средства за егзистенција
   - доказ за идентитет на примателот (извод од матична книга на родените, лична карта или патна исправа);
   - потврда за невработеност;
   - трансакциона сметка на која ќе му се префрлат средствата.

**III. Комисија за доделување средства за парична помош и поддршка**

**Член 6**

По поднесени барања за доделување средства за парична помош и поддршка, до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот на Општината по претходен предлог на Комисијата формирана од Градоначалникот.

По поднесени барања за доделување средства за парична помош и поддршка над 50.000,00 денари одлучува Советот на Општина Ѓорче Петров по претходен предлог од Комисијата за финансирање и буџет на Советот на Општината.

**Член 7**

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи Претседателот на Комисијата.

За текот на седницата на Комисијата се води Записник.

**Член 8**

Комисијата ја проверува основаноста и комплетноста на документацијата приложена кон барањето.

Комисијата согласно утврдената основаност на Барањата дава предлог до Градоначалникот согласно член 6 став 1 и Советот на Општината согласно член 6 став 2, да изврши доделување на средства за помош, поддршка или материјални добра на граѓаните кои се баратели на помошта.

**IV. Преодни и завршни одредби**

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-162/6**
**Од 30.01.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров -финансиска помош на Кристијан Алексоски**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров-финансиска помош на Кристијан Алексоски, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/5**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 05/2006) и Барањето од О.У.Мирче Ацев бр. 03-3736/1 од 13.12.2010 година Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата седница одржана на ден 30.01.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина**
**Ѓорче Петров -финансиска помош на Кристијан Алексоски**

**Член 1**

На малолетното лице Кристијан Алексоски, без родители, ученик во О.У. „Мирче Ацев“-Општина Ѓорче Петров, му се одобрува исплата на месечен износ од 6.000,00 денари за период од 01.01.2012 до 31.12.2013 година, како финансиска подршка.

**Член 2**

Средствата ќе бидат уплаќани на трансакциска сметка на законскиот застапник на малолетниот Кристијан Алексоски.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Одделението за финасирање и Буџет за извршување на Одлуката.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-162/7**
**Од 30.01.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Нацрт-Одлука за утврдување на**
**Детален урбанистички план УЗ "Дексион"**
**Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Нацрт-Одлука за утврдување на Детален урбанистички план УЗ "Дексион" Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/6**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина IЃорче Петровв (IСлужбен гласник на Град Скопјев бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (IСлужбен весник на Р.Македонијав број 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата седница одржана на 30.01.2012 година, донесе:

**Н А Ц Р Т-О Д Л У К А**
**за утврдување на Детален урбанистички план**
**УЗ ДЕКСИОН**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува Деталниот урбанистички план "УЗ Дексион", Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/2005, 137/2007,91/09,124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.142/10 и 64/11)

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план УЗ ДЕКСИОН, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 22,04 ха, со следни граници на опфат:

- на север: осовина на сервисна ул: "Црногорска"(по ГУП Бул. "Црна Гора");
- на исток: по КП 4608, КП 4607, КП 4602;
- на југ: по осовина на ул: "Беас Куле" до пресек со ул: "Апостол Петков";
- на исток: по осовина на новопланирана ул."Апостол Петков";
- на југ: по осовина на ул: "4-ти јули";
- на запад: по осовина на ул: "Драгувити";
  на југ: по КП 3868, КП 3850, КП 3849, КП 3848, КП 3847, КП 3846, КП3844, КП 3843, КП 3842, КП 3841, КП 3840;
- на запад: по КП 3840 до пресек со осовина на сервисна улица "Црногорска" (по ГУП Бул: "Црна Гора");

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план УЗ ДЕКСИОН, Општина Ѓорче Петров е изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија - Скопје, со технички број 98/2009

Деталниот урбанистички план содржи:

## I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

### А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
3. Историјат на планирањето
4. Податоци за природни чинители
   - 4.1 Рељефни карактеристики
   - 4.2. Вегетациски карактеристики и пејсаж
   - 4.3. Сеизмички карактеристики
   - 4.4. климатски карактеристики
   - 4.5. Климатски карактеристики
5. Податоци за создадени вредности и чинители
6. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд
7. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура
8. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
9. Анализа на можностите за просторен развој
10. Извод од ГУП на Град Скопје

### Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год. .............................. 1:5000
2. Извод од ДУП УЗ ДЕКСИОН ........................................... 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога............................................. 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправни градби................... 1:1000
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура .................................................... 1:1000
6. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура .......................................................... 1: 1000
7. Сателитска снимка .......................................................... 1: 1000

## II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од ГУП на Град Скопје
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба
7. Инфраструктура
   - 7.1. Сообраќајно решение

7.2. Нивелманско решение
7.3. Електро-енергетика и ПТТ инсталации
7.4. Хидротехничка инфраструктура

8. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија

9. Мерки за заштита
9.1. Мерки за заштитан а животна средина
9.2. Засолнување
9.3. Заштита и спасување од поплави
9.4. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
9.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
9.6. Заштита и спасување од урнатини
9.7. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
9.8. Спасување од сообраќајни несреќи
9.9. Евакуација
9.10.Згрижување на загрозеното и насраданото население
9.11.Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
9.12.Прва медицинска помош
9.13.Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
9.14. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
9.15.Асанација на теренот

**Нумерички дел**

1. Нумерички показатели
2. Билансни (споредбени) показатели
3. Попречни профиле на сообраќајната инфраструктура

**Услови за изградба**

1. Општи услови за изградба , развој и користење на земјиштето кои важат за целиот плански опфат
2. Посебни услови за изградба , развој и користење на земјиштето кој важат за секој помал опфат-блок
3. Посебни услови за инфраструктурни системи

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите.................. 1:1000
2. План на површини за градење и регулационен план.. 1:1000
3. Сообраќаен и нивелациски план................................ 1:1000
4. Инфраструктурен план................................................ 1:1000
5. Синтезен план ............................................................ 1:1000

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во вСлужбен Гласник на Општина Ѓорче Петровг.

**Број 07 - 162/8**
**Од 30.01.2012 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за донесување на изменување и дополнување на урбанистички план за село Орман -разработка на блокови 11, 12 и 13, Општина Ѓорче Петров-Скопје (зона за домување со високи стандарди и спорт)**

Се објавува Одлуката за донесување на изменување и дополнување на урбанистички план за село Орман -разработка на блокови 11, 12 и 13, Општина Ѓорче Петров-Скопје (зона за домување со високи стандарди и спорт), што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/7**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина ІЃорче Петровв (ІСлужбен гласник на Град Скопјев бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (ІСлужбен весник на Р.Македонијав број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10,18/11 и 53/11), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата седница одржана на 30.01.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на изменување и дополнување на урбанистички план за село Орман -разработка на блокови 11, 12 и 13, општина Ѓорче Петров-Скопје**
**(зона за домување со високи стандарди и спорт)**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се донесува изменување и дополнување на урбанистички план за село Орман - **разработка на блокови 11, 12 и 13, општина Ѓорче Петров - Скопје.**

Урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. весник на Р.Македонија бр. 51/2005, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.142/2010)

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува изменување и дополнување за урбанистички план за село Орман, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е дел од зона 3, со површина од 104,44 ха, со следни граници на опфат:

**Граница на зона 3**

- границата оди по северната граница на КП 453, го сече патот 629, оди по него на север по источните граници на КП 303, КП 302, КП 301, КП 300, КП 299, КП 298, КП 295. КП 294, КП 291, КП 290, КП 286 ги сече парцелите КП 285, КП 279, КП 278,КП 275, КП 274, оди по источната страна на КП 272, КП 271, КП 270, КП 269, КП 268, КП 267,КП 265, оди по патот 264 на исток до р. Лепенец, по брегот на р. Лепенец по источната страна на КП 500, КП 501, КП 504, КП 505, КП 506, КП 507, КП 508, го сече патот кон Волково, оди на запад по јужните граници на парцелите КП 621, КП 620, КП 619, КП 618, оди кон југозападна страна на КП 617, КП 616, КП 615, КП 614, КП 613, КП 612, КП 611, КП 610, КП 609, КП 608, КП 607, го сече патот 634, оди по граница на КП 556, КП 555, Кп 554 и КП 553 до пруга Скопје- Краљево, оди нагоре по западната граница на КП 553, КП 549, КП 548, КП 441, КП 440, КП 439, ја сече КП 438, КП 437 до појдовна точка на патот 632.

- Границите на опфат на блок 11, 12 и 13 се дадени во графички прилог, составен дел на ова одлука, со површина од 23,86 ха и намена зона за домување со високи стандарди и спорт.

**Член 3**

Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман-разработка на блокови 11, 12 и 13, Општина Ѓорче Петров, Скопје е изработен од А.Д.за урбанизам, архитектура и инженеринг "ЗУАС"-Скопје, со технички број 2330/2010.

Урбанистичкиот план содржи:

**И. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вовед
1.1. Опфат на планот
1.2. Регионална ситуираност на селото
1.3. Историјат на планирање и уредување на селото
2. Анализа на природните вредности
3. Анализа на постојна состојба
4. Сообраќај-постојна состојба
5. Хидротехничка инфраструктура
6. Електроенергетика

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Извод од Просторен план | |
| 1.1. | Биланс на намена на површини<br>- користење на земјиштето | 1: 250 000 |
| 1.2. | Просторно-функционална организација<br>- систем на населби и сообраќајна мрежа | 1: 250 000 |
| 1.3. | Техничка инфраструктура<br>- водостопанска и енергетска инфраструктура | 1: 250 000 |
| 1.4. | Заштита на животна средина<br>- реонизација и категоризација на просторот за заштита | 1: 250 000 |
| 2. | Извод од ГУП на Град Скопје<br>- местоположба и сообраќајна поврзаност | 1: 10 000 |
| 3. | Извод од урбанистички план за село Орман и разраб. на блок 11, 12 и 13 зона за домување со високи стандарди и спорт (2009 - 2019) | 1: 2 500 |
| 4. | Извод од урбанистички план за село Орман и разработка на блок 11, 12 и 13 (зона за домување со високи стандарди и спорт) 2009-2019 | 1:1000 |

5. Ажурирана геодетска подлога
   - скица на премерување 1: 1000
6. Инвентаризација и снимка на бесправни градби 1: 1000
7. Инвентаризација и снимка на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура 1: 1000
8. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура 1: 1000

**ИИ. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

7. ПЛАНСКА ПРОГРАМА
8. План на организација на просторот
8.1. Вовед
8.2. Граница на плански опфат
8.3. Намена на просторот
8.4. Урбанистички мерки за заштита на територијата и нејзината содржина
8.5. Услови за движење на инвалидизирани лица
8.6. Економско образложение
9. Инфраструктура
9.1. Сообраќај-планирана состојба
9.2. Нивелациски план
9.3. Хидротехничка инфраструктура
9.4. Електроенергетика
10. Нумерички дел
11. Услови за изградба

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Синтезен план 1:2 500
2. Урбанистички план
   Разработка на блок 11, 12 и 13
   - намена на земјиштето и градбите
   - регулационен план
   - план на површини за градење 1:1000
3. Урбанистички план
   Разработка на блок 11, 12 и 13
   - сообраќаен и нивелациски план 1:1000
4. Урбанистички план
   Разработка на блок 11, 12 и 13
   - инфраструктурен план 1:1000
5. Урбанистички план
   Разработка на блок 11, 12 и 13
   - Синтезен план 1:1000

**Ч л е н 4**

Урбанистичкиот план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на утврдување на седница на Совет, а ќе се објави во вСлужбен Гласник на Општина Ѓорче Петровг.

**Број 07 -162/9**
**30.01.2012 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измена на одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измена на одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/8**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 13 од Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите  на државната управа (Службен весник на РМ бр.105/2007), член 5-а од Уредбата за измена и дополнување на уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр.149/2011) и член 16 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.05/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата седница одржана на ден 30.01.2012 година, донесе

**Одлука за измена и дополнување на Одлуката**
**за организација, делокруг и начин на извршување на**
**задачите на општинската администрација на**
**Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Во член 5 од  Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ѓорче Петров бр.07-1974/4 од 07.07.2010 година се менува точка 2 и гласи:

2.СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА,се состои од:

-Одделение за буџетска координација;
-Одделение за буџетска контрола;
-Одделение за сметководство и плаќања;
-Одделение за јавни набавки

**Член 2**

Се врши измена на членот 11 и гласи:

Одделението за буџетска координација ги врши работите што се однесуваат на: подготовка на буџетот на Општината и негова измена и дополнување; следење на извршување на буџетот на општината; изготвување на информации и извештаи за извршувањето на општината; следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење; изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на субјектот и неговите органи; дава мислења по предлог на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во општината и предлог актите на другите субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на општината; подготовка на извештаи за реализирани програми, проекти и договори;

подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола; следење и примена на законската регулатива (закони, подзаконски акти, стандарди, прописи, упаства) од областа на финансиската контрола; математичка, формална и контрола на регуларноста на сметководствената документација пред да се изврши плаќањето врз основа на изготвени листи за проверка; целокупна контрола на сметководствената документација после извршувањето на плаќањето; врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на Општината.

**Член 3**

Се додава нов член 12 и гласи:

Одделението за буџетска контрола ги врши следните работи: следење и примена на законската регулатива од областа на финансиската контрола; подготовка на записници и извештаи за извршените контроли; вршење на проценка на ризик на процесите на финансиското управување и контрола; вршење на самопроценки на одделни процеси на системот на финансиското управување и контрола, врз основа на извршена проценка на ризик и подготовка на извештај на спроведените самопроцеси; математичка, формална и контрола на регуларноста на сметководствената документација пред да се изврши плаќањето врз основа на изготвени листи за проверки; целокупна контрола на сметководствената документација после извршувањето на плаќањето; врши други работи што ќе му бидат доверени во согласност со законите и со другите прописи.

**Член 4**

Се додава нов член 13 и гласи:

Одделението за сметководство и плаќања ги врши следните работи: следење и примена на законската регулатива од областа на сметководството, материјалното и финансиското работење; секојдневно водење на благајнички работи и трезор; пресметка и исплата на платите на вработените; подготвување на завршна сметка и периодични извештаи за извршувањет на буџетот на општината; подготовка на основните финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на приходи и расходи, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки образложение кон финансиските извештаи); сметководствено евидентирање на достасаните обврски и основните средства на општината; исплата по сметководствената документација; подготовка на извештаи за планирани и потрошени средства по ставки; врши проверка на месечната распределба на даноците, таксите и надоместоците што се наплатени од даночната администрација на Градот Скопје, а се приходи на општината; изготвување на извештаи за наплатата и распределувањето на приходите; евидентира во регистрите на недвижен и подвижен имот и редовно врши усогласување на состојбата на регистарот кој го води Државниот завод за геодетски работи и за навремено доставување на податоците од регистрите до Централниот

регистар на РМ и Управата за јавни приходи; подготвува извештаи, анализи и информации за остварувањето на локалните даноци, такси и надоместоци, со цел предлагање на соодветни мерки и активности; врши и други работи што ќе му бидат доверени согласно со законите и другите прописи.

**Член 5**

Членот 12 станува член 14, а членовите 13, 14, 15 ,16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 стануваат членови15, 16, 17, 18, 19, 20 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28 и 29.

**Член 6**

Измената и дополнувањето на Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ѓорче Петров, влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров, а ќе се применува по добиената согласност од Агенцијата за администрација.

**Број 07-162/10**
**Од 30.01.2012 год.**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за избор на член на Комисија за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на член на Комисија за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетиосмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 30.01.2012 година.

**Број 08-273/9**
**Од 01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-мата седница одржана на ден 30.01.2012 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За именување на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Член 1

Членот на Советот на Општина Ѓорче Петров Благојче Атанасовски, се именува за член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-162/11**
**Од 30.01.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (“ Сл. весник на РМ “ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров “ (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план “ Населба Хром-дел од блок 5” Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план “Населба Хром-дел од блок 5”, општина Ѓорче Петров, Скопје. Деталниот урбанистички план “Населба Хром-дел од блок 5”,** е утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавните гласила **Утрински Весник** и **Дневник** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае **10 работни денови** од денот на објавувањето на Соопштението во јавните гласила од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план “Населба Хром-дел од блок 5” , Општина Ѓорче Петров**, ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З.” Хром” - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “ Службен гласник на Општина Ѓорче Петров “ .

**Број 08 -37/1** — **Општина Ѓорче Петров**
**09.01.2012 година** — **Г р а д о н а ч а л н и к,**
**С к о п ј е** — **Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (“ Сл. весник на РМ “ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров “ (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план “ УЗ Ѓорче Петров -блок 14” Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план “УЗ Ѓорче Петров-блок 14”, општина Ѓорче Петров-Скопје. Деталниот урбанистички план** е утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавните гласила **Утрински Весник** и **Дневник** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае **10 работни денови** од денот на објавувањето на Соопштението во јавните гласила од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план “УЗ Ѓорче Петров-блок 14”, Општина Ѓорче Петров**, Скопје ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З.” Ѓорче Петров” - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “ Службен гласник на Општина Ѓорче Петров “ .

| | |
|---|---|
| **Број 08 -38/1** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **09.01.2012 година** | **Г р а д о н а ч а л н и к,** |
| **С к о п ј е** | **Сокол Митровски с.р.** |

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (“ Сл. весник на РМ “ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров “ (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план “ УЗ Дексион” Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план “УЗ Дексион”, Општина Ѓорче Петров-Скопје. Деталниот урбанистички план** е утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавното гласило **Утрински Весник** и **Дневник** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае **15 работни денови** од денот на објавувањето на Соопштението во јавното гласило од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план “УЗ Дексион”, Општина Ѓорче Петров**, Скопје ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З.” Ѓорче Петров” - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “ .

**Број 08 -293/1**
**Од 02.02.2012 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**